Правилник за висината на трошоците за испитување на ѓубрињата при контрола на производство, увоз и пласирање на пазарот и употреба

Службен В. на Р.М. бр: 170/2012 од 28.12.2012

Влегува во сила на: 29.12.2012

Извор: МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Врз основа на член 41 став (2) од Законот за ѓубриња ("Службен весник на Република Македонија" бр. 110/07, 20/09, 17/11 и 148/11), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, донесе.

# ПРАВИЛНИК ЗА ВИСИНАТА НА ТРОШОЦИТЕ ЗА ИСПИТУВАЊЕ НА ЃУБРИЊАТА ПРИ КОНТРОЛА НА ПРОИЗВОДСТВО, УВОЗ И ПЛАСИРАЊЕ НА ПАЗАРОТ И УПОТРЕБА

### Член 1

Со овој правилник се пропишува висината на трошоците за испитување на ѓубрињата при контрола на производство, увоз и пласирање на пазарот и употреба.

### Член 2

Висината на трошоците за испитување на ѓубрињата при контрола на производство, увоз и пласирање на пазарот и употреба изнесува:

| Вид на услуга | Компоненти што се анализираат | Износ | Забелешка |
|---|---|---|---|
| Анализа на еднокомпонентно ѓубриво | Еден елемент (N, P, или K), како и следните параметри: pH, боја, мирис, густина (кај течни ѓубрива), влага и големина на гранули (кај цврсти ѓубрива) | 2500 ден+ДДВ | -Ѓубривото да е донесено од инспектор.<br>-Во цената влегува и извештајот.<br>-Фосфорот се анализира или како водорастворлив фосфор, или како фосфор растворлив во минерални киселини. |
| Анализа на двокомпонентно ѓубриво | Два елементи (N+ P, N+K или P+ K), како и следните параметри: pH, боја, мирис, густина (кај течни ѓубрива) и големина на гранули (кај цврсти ѓубрива) | 3500 ден+ДДВ | -Ѓубривото да е донесено од инспектор.<br>-Во цената влегува и извештајот.<br>Фосфорот се анализира или како водорастворлив фосфор, или како фосфор растворлив во минерални киселини. |
| | Се прави анализа на N, P, и K, како и | | -Ѓубривото да е донесено од инспектор. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Анализа на трокомпонентно ѓубриво | определување на следните параметри: pH, боја, мирис, густина (кај течни ѓубрива) и големина на гранули (кај цврсти ѓубрива) | 4000 ден+ДДВ | инспектор.<br>-Во цената влегува и извештајот.<br>-Фосфорот се анализира или како водорастворлив фосфор, или како фосфор растворлив во минерални киселини. |
| Анализа на трокомпонентно ѓубриво + определување на други макро и микроелементи | Се прави анализа на N, P, и K, како и определување на следните параметри: pH, боја, мирис, густина (кај течни ѓубрива) и големина на гранули (кај цврсти ѓубрива)+се определуваат бараните макро и микро елементи | 4000 ден+ДДВ + 500 денари за секој дополнителен елемент. | -Ѓубривото да е донесено од инспектор.<br>-Во цената влегува и извештајот.<br>-Фосфорот се анализира или како водорастворлив фосфор, или како фосфор растворлив во минерални киселини.<br>-Доколку бројот на бараните дополнителни елементи за анализа е поголем од 10, цената за определување на дополнителните елементи се намалува за 30% |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Анализа на Органски ѓубрива | Се анализираат N, P, и K, а се определуваат и следните параметри: pH, боја, мирис, густина (кај течни ѓубрива) и големина на гранули (кај цврсти ѓубрива)+се определуваат бараните макро и микро елементи, и суви материи | 4500 ден+ДДВ | -Ѓубривото да е донесено од инспектор.<br>- Во цената влегува и Извештајот.<br>-Фосфорот се анализира или како водорастворлив фосфор, или како фосфор растворлив во минерални киселини.<br>-За определување на дополнителни макро или микро елементи се доплаќа по 500 денари по елемент.<br>-Доколку бројот на бараните дополнителни елементи за анализа е поголем од 10, цената за определување на дополнителните елементи се намалува за 30% |

**Член 3**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр.17-694/5 Министер за земјоделство, 12 декември 2012 година шумарство и водостопанство, Скопје Љупчо Димовски, с.р.